**Прв јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2015 година:**
**добиени ставови и мислења и став на Агенцијата**

**- 23.03.2015 година -**

Првиот јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година, се одржа во просториите на Агенцијата за електронски комуникации, на 23 март,со почеток во 12:00 часот.

Состанокот го отвори Директорот на АААВМУ, д-р Зоран Трајчевски. Тој посочи дека за првиот јавен состанок, Стручната служба на Агенцијата подготви три презентации: за активностите кои Агенцијата ги реализираше за спроведување на Годишната програма за работа; за резултатите од спроведениот стручен надзор на радиодифузерите во поглед на исполнувањето на техничките, просторните и кадровски услови; и за правата и обврските на граѓаните и издавачите на медиуми за исправка и одговор на објавена информација.

Првата презентација беше на раководителот на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска. Во неа стана збор за реализацијата на активностите и исполнувањето на целите од годишната програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во периодот од 10.12.2014 година до 17.03.2015 година.

Раководителот на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева и раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити, имаа заедничка презентација во која ги прикажаа резултатите од спроведениот стручен надзор на радиодифузерите, односно, исполнувањето на техничките, просторните и кадровските услови кои беа наведени во пријавата за замена на дозволите за вршење на радиодифузна дејност со нова дозвола за телевизиско и радио емитување и од аспект на исполнувањето на условите од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Надзор беше спроведен на сите 133 радиодифузери кои ги заменија дозволите и на трите радиодифузери кои добија нови дозволи.

Агенцијата во рамките на подготвувањето на поширока програма за промоција на медиумска писменост изработи План за популаризирање на правото на одговор и исправка, чија цел е да се подигне свеста кај граѓаните и правните лица за можноста да исправат неточна информација, како и да ги заштитат својата чест и углед користејќи го механизмот кој им го дава Законот за медиуми, како и давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги подобро да се запознаат со нивните обврски и права при објавување на одговор и исправка. Ова беше тема на третата презентација на раководителот на Одделението за човекови права и медиумска писменост, м-р Емилија Петреска Камењарова.

По трите презентации следуваше Панел дискусија, во која сите присутни имаа можност да поставaт прашања или да дадат мислења и сугестии.

**Панел дискусија: прашања и мислења од присутните и став на Агенцијата по иститe**

Драган Секуловски, од Здружението на новинари на Македонија, се заблагодари за презентациите, за кои рече дека содржеле многу детали кои говорат за еден вреден квартал на работата на Агенцијата. Неговата дискусија беше поврзана со соопштението кое Агенцијата го објави на својата веб страница, со кое ги потсети медиумските професионалци дека при исполнувањето на својата функција да ја информираат јавноста, треба да се придржуваат до професионалните новинарски стандарди и принципи, односно до начелата од член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Г-дин Секуловски го поздрави соопштението и рече дека ова е добра пракса што ја воспоставила Агенцијата. Во оваа насока постави прашање „*Дали Агенцијата има став во однос на тоа дека во изминатиот период јавноста била сведок на пренесени снимки од разговори каде што директно Директорот на тајната полиција има разговор со уредникот на еден национален медиум и со директор на друг национален медиум*?“. Како што рече, може да се заклучи дека имало директен упад на независноста врз двата медиуми. Како резултат на ова имало и непримерни елементи на говор на омраза во дел од медиумите и „*дали има законска можност или начин да се размислува во на*сока на одземање на дозволите на медиумите кои биле спомнати во тие разговори?“

*Одговор на Директорот на АААВМУ, д-р Зоран Трајчевски:*

Г-дин Трајчевски, во врска со прашањето поврзано со снимките од телефонските разговори, одговори дека по завршување на судската постапка и утврдување на веродостојноста на истите, Советот на Агенцијата ќе може да донесе заклучок дали имало или немало притисок врз независноста на медиумите. Соопштението што Агенцијата го објавила, е упатено до медимите и се однесува за начинот на известување. Но, потенцираше, медиумите се независни и Агенцијата нема законска надлежност врз уредувачката политика на медиумот, кој треба да ги почитува професионалните новинарски стандарди. Во врска со прашањето за законската можност за одземање на дозвола за радио или телевизиско емитување, одговори дека во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точно се наведени причините за кои може да се покрене постапка и да се одземе доделената дозволата на некој медиум, но мешање во уредувачката политика на медиумот и непочитување на професионалните новинарски стандарди, не претставува услов за одземање на дозвола.

Милош Дејановиќ, РА Роса, во однос на стратегијата која Агенцијата ја презема за едукација на млад кадар во медимите, даде предлог да се направат одредени семинари за меѓународна обука на млади лица. Како пример го наведе Меѓународниот семинар кој се одржува во Нови Сад и се вика „Мостови на медиумската комуникација“ и кој служи за разменување на искуства од работењето на медиумите во државите во регионот. На тие семинари, рече дека се потенцира начинот на работење на медиумите, независноста, корумпираноста, пристрасноста. Тоа би било еден голем чекор за нас како земја.

*Одговор на раководителот на Одделението за човекови права и медиумска писменост, м-р Емилија Петреска Камењарова*

Г-ѓа Камењарова, напомена дека во овој период Агенцијата имаше и ќе има соработка со меѓународни експерти кој што се ангажирани во Агенцијата преку ИПА проектот. Појасни дека претходната година Агенцијата била концентрирана на изработка на новите подзаконски акти и на обновување на постоечките во насока на усогласување со ЗААВМУ. Информира дека Агенцијата организирала неколку обуки како на пример обука за медиумите на државно ниво во врска со начинот на известување за исполнување на обврската за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти. Ги наведе и идните планирани обуки на Агенцијата и апелираше на обуките секогаш да учествуваат лица од областа во која работат.

Зоран Фиданоски, член на Советот на Агенцијата: Ги поздрави сите три презентации, кои според него беа исцрпни и студиозно направени. Во дискусијата се осврна на третата презентација на Раководителот на Одделението за човекови права и медиумска писменост, м-р Емилија Петреска Камењарова, околу правото на одговор и исправка. Според него јавните функционери, во секоја држава, па така и во Република Македонија треба да имаат повисок праг на толеранција во однос на објавени информации, затоа што тие се избраници на граѓаните и нивното работење, па и приватен живот мора да биде под опсервација на јавноста. Кај нас, рече, сензитивноста особено е потенцирана и најчесто изразена меѓу 5000 до 10.000 евра во судска постапка, кај дел од јавните функционери. Објасни дека ЗНМ има Кодекс, направен во 2001 година и е актуелен, така да доколку сакаат медиумите, односно новинарите да го почитуваат, во него сè е опишано како треба да се применува. Што се однесува до саморегулаторното тело, рече дека постои Совет на етика на медиумите во Македонија, и веќе функционира со близу 30-тина преставки. Овој систем иако е во зачеток, сепак е веќе навлезен и смета дека треба дополнително да се поддржи и да се инсталира како една добра пракса во Македонија, да биде реален одвраќач од масовното користење на судските постапки за „нарушениот" чест и углед. Додаде дека исправката не мора да биде со иста должина на објавената информација, но важно е да биде пласирана на истото место каде што била пласирана информацијата и на таков начин ќе се постигне ефектот.

Милош Дејановиќ, РА Роса, постави прашање по кој член од Законот треба радиодифузерот да достави детална сметка на финансиското работење до Агенцијата?

*Одговор на Раководителот на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева,*

Г-ѓа Довлева, одговори дека во член 13 став 1 од Законот за медиуми, е утврдено кои податоците се должни радиодифузерите да ги достават до Агенцијата. Тие се должни до 31 март во тековната година на посебен образец, да достават одреден број на податоци меѓу кои и за изворите на финансирање на

радиодифузерот во претходната година и податоци за остварени вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста. Објасни дека таа обврска била и во претходниот Закон за радиодифузната дејност, а добиените податоци се користат за изработка на Анализата на пазарот, што Агенцијата ја објавува секоја година.

Драган Секуловски од ЗНМ, праша, дали граѓаните имаат можност да поднесат претставки во врска со говорот на омраза, преку образец на веб страната на Агенцијата?

*Одговор на Директорот на АААВМУ, др Зоран Трајчевски:*

Г-дин Трајчевски, одговори дека, Агенцијата нема законска надлежност да изрекува мерки за говорот на омраза. Говорот на омраза претставува кривично дело и за него треба да има пресуда од Јавното обвинителство. На веб страната на Агенцијата има посебен образец каде граѓаните можат да доставуваат преставки, и многу пати реагираат и за говор на омраза во медиумите. Но, рече, и без да има реакции од страна на граѓаните, за оние случаи, за кои Стручната служба на Агенцијата, смета дека постои сериозна можност дека постои говор на омраза, се праќа допис со снимки до Јавното обвинителство.

Прилог:

- Листа на учесници на првиот Јавен состанок

**ПРВ ЈАВЕН СОСТАНОК НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2015**

**Листа на присутни**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | | Зоран Трајчевски |
| 2 | | Лазо Петрушевски |
| 3 | | Зоран Фиданоски |
| 4 | | Драгица Љубевска |
| 5 | | Селвер Ајдини |
| 6 | | Огнен Неделковски |
| 7 | | Андриана Скерлев Чакар |
| 8 | | Цветанка Митревска |
| 9 | | Емилија Јаневска |
| 10 | | Магдалена Давидовска Довлева |
| 11 | | Горан Радуновиќ |
| 12 | | Весна Симоновска |
| 13 | **Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** | Маја Дамевска |
| 14 | | Ружица Бошнакоска Јотевска |
| 15 | | Арџент Џелили |
| 16 | | Ивона Муфишева Алексовска |
| 17 | | Тања Пачовска |
| 18 | | Емилија Петреска Камењарова |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | | Билјана Парлеева |
| 20 | | Шќипе Тахири |
| 21 | | Катерина Митре |
| 22 | | Луција Ѓурковиќ |
| 23 | | Бурим Хамиди |
| 24 | | Александар Џуваревиќ |
| 25 | | Несрин Сејфула |
| 26 | | Маре Трачуговска |
| 27 | | Милаим Абдураими |
| 28 | **Делегација на ЕУ** | Ислам Јусуфи |
| 29 | **МИОА** | Владимир Соколов |
| | | Ирена Бојаџиева |
| 30 | **ЦРМ** | Елена Костовска |
| 31 | **ЗНМ** | Драган Секуловски |
| 32 | **Македонски Телеком** | Слободанка Гиевска |
| 33 | **ОНЕ** | Ивица Дојчиновски |
| 34 | **Близу** | Лидија Голубова |
| 35 | **МРТ** | Благој Христов |
| 36 | **ТВ Алсат М** | Хамди Рашити |
| 37 | **Радио Слободна** | Емилија Гаврилова |
| 38 | **ТВ Сител 3** | Зоран Јорданов |
| 39 | **Канал 77** | Ивана Крстеска |
| 40 | **РА Антена 5** | Зоран Петров |
| 41 | **Ра Роса** | Милош Дејановиќ |
| 42 | **НАША ТВ** | Филип Петрезанов |
| | | Тинка Гоговска |
| 43 | **Зона М1 Радио** | Марјан Тасевски |
| 44 | **ТРД Гаудеамус Ра** | Митко Арнаудов |
| 45 | **ТВ Скај Нет** | Ане Николовска |
| | | Митко Манчев |
| 46 | **ТВ МТМ** | Гордана Андреевска |
| 47 | **ТВ Канал 5** | Лука Андреев |
| 48 | **Студент ФМ 92.9** | Христина Ѓорѓиевска |
| | | Николина Славковска |